# Упатство за најава во системот  на Мој Термин преку  Prima MEDICA / Prima DENT

Како што беше најавено, заради обезбедување соодветно ниво на сигурност при користење на сервисите за закажување упати, издавање рецепти и останатите од системот Мој Термин преку други софтвери (во таа група спаѓаат и Prima MEDICA и Prima DENT) Министерството за Здравство воведува автентикација при користењето на овие сервиси.

Со други зборови, при користењето на апликациите, покрај досегашната најава во нив со корисничко име/лозинка, корисниците ќе биде потребно да внесат уште еднаш корисничко име и лозинка, овој пат за најава во Мој Термин.

Постапката е следната: по логирање во системот, ќе се појави уште еден екран, како на сликата подоле.




Корисничките имиња за најава во Мој Термин се истите оние кои лекарите ги имаат претходно добиено за најава на веб порталот Мој Термин.

**НАПОМЕНА! Овој екран ќе се прикажува и при најава на сестрите во апликацијата, но бидејќи за нив во моментот не се отворени кориснички имиња, тие треба да сенајавуваат со корисничките имиња и лозинки на лекарите.**

Во иднина е предвидено и сестрите да бидат опфатени со автентикација, но за тоа

Министерството за здравство дополнително ќе даде информации.

Покрај најавата на стартот од апликацијата, постои опција за најава во Мој Термин и преку менито на аликацијата.




Оваа опција постои во случај да се изгуби конекцијата (од било која причина) истата повторно да биде воспоставена , без потреба да се излегува од апликацијата.